ЗАПИСНИК

од 60-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 30.12.2024 г.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата беа присутни сите 9 (девет) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Оливера Димитровска - раководител, Анета Киселоска – раководител.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 59-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и одобрување на Буџетски календар за 2025 год.;
3. Разгледување на Предлог -Буџет на Општина Новаци за 2025 год., усвојување на Буџет на Општина Новаци за 2025 год. и донесување на Одлука;
4. Разгледување и донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.;
5. Разгледување и донесување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за државните службеници за 2025 год.;
6. Разгледување и донесување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за техничкиот персонал за 2025 год.;
7. Разгледување и донесување на Предлог-Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во проектот „Поставување на систем со панели за производство на електрична енергија над покривот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци и поставување на топлотна пумпа за загревање на училиштето“
8. Разгледување и усвојување на Програма за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2025 год.;
9. Разгледување на Барање за финансиска поддршка за подмирување на долг за електрична енергија од ЈПКД „Комунална Хигиена Новаци“;
10. Разгледување и донесување на Одлука за давање на трајно користење на патничко возило во сопственост на Општина Новаци, на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола;
11. Разгледување и донесување на Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2025 година;
12. Разгледување и донесување на Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2025 година;
13. Разгледување и донесување на Програма за животна средина на Општина Новаци за 2025 год.
14. Разгледување и донесување на Измена на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2024 год.;
15. Разгледување и усвојување на Извештај-Преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2024 год.;
16. Разгледување и донесување на Програма за јавни дејности (образование за 2025 год.);
17. Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2025 г.;
18. Разгледување и донесување на Програма за еднакви можности;
19. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 60-та седница на Советот на Општина Новаци, на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот Славица Најдовска Стојковска предложи дополнување на дневниот ред уште една точка.

Дополнување: Разгледување на Барање од Општинско средно медицинско училиште ,,Д-р Јован Калауси,, Битола.

Предлогжената точка за дополнување, да биде точка бр.19, а точката бр. 19 да биде точка бр. 20.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, со дополнувањето, по што Претседателката Славица Најдовска Стојковска го стави на гласање, така што со **9 гласа за** беше прифатен Дневниот ред на 60-та седница на Советот на Општина Новаци.

1. точка Разгледување и усвојување на Записник од 59-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 59-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. точка Разгледување и одобрување на Буџетски календар за 2025 год.;

По разгледувањето на Буџетски календар за 2025 год. истиот беше донесен со **6 гласа за, а 3 воздржани.**

3. точка Разгледување на Предлог -Буџет на Општина Новаци за 2025 год., усвојување на Буџет на Општина Новаци за 2025 год. и донесување на Одлука;

Оливера Димитровска во кратки црти го образложи Буџетот на општината за 2025г. односно фискалната табела.

По разгледувањето на Буџетот на Општина Новаци за 2025г., истиот беше донесен со **6 гласа за, а 3 воздржани.** Исто така беше донесена и Одлука за донесување на Буџетот, со **6 гласа за, а 3 воздржани.**

4. точка Разгледување и донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.;

Анета Киселоска, даде образложение за потребата од донесување на оваа одлука, потоа со **6 гласа за, а 3 воздржани** беше донесена Одлуката за извршување на Буџетот.

5. точка Разгледување и донесување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за државните службеници за 2025 год.;

Анета Киселоска: Оваа Одлука се носи согласно Одлуката на Владата на РСМ со која се утврдува вредност на бодот на државните службеници.

За донесување на одлуката **гласаа 9** советници.

6. точка Разгледување и донесување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за техничкиот персонал за 2025 год.;

Анета Киселоска: За техничката служба во општината согласно Правилник, се прави усогласување на висината на платата вреднувана во бодови.

За донесување на одлуката **гласаа 9** советници.

7. точка Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци во проектот „Поставување на систем со панели за производство на електрична

енергија над покривот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци и поставување на топлотна пумпа за загревање на училиштето“;

Славица Најдовска Стојковска, ја објасни потребата од донесување на оваа Одлука, каде истакна дека станува збор за изработка на проектот, а потоа ќе се бараат начини за негова изведба, односно ќе се аплицира на други повици за реализација на проектот.

За донесување на одлуката **гласаа 9** советници, а 3 **воздржани.**

8. точка Разгледување и усвојување на Програма за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2025 год.;

По разгледување на Годишната програма за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2025 г. со **6 гласа за** , а **3 воздржани** истата беше усвоена.

9. точка Разгледување на Барање за финансиска поддршка за подмирување на долг за електрична енергија од ЈПКД „Комунална Хигиена Новаци“;

Славица Најдовска Стојковска: ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци има стар наследен долг од МЗ Бач, Брод и Живојно за електрична енергија кон ЕВН Македонија, во износ од 261 344,00 денари, кој е дополнително зголемен од трошоците за работа на пумпните станици за вода на овие локации. Долгот ќе треба што поскоро да го отплати за да не дојде до блокирање на сметката.

За донесување на одлуката за финансиска поддршка на подмирување на долг за електрична енергија од ЈПКД „Комунална Хигиена Новаци“ **гласаа 9** советници.

10. точка Разгледување и донесување на Одлука за давање на трајно користење на патничко возило во сопственост на Општина Новаци, на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола;

Славица Најдовска Стојковска: Со оваа одлука го даваме на трајно користење возилото Голф на МЈП Пелалинк за превоз на ученици.

За донесување на одлуката **гласаа 8 за, 1 против.**

11. точка Разгледување и донесување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

По разгледување на Програмата за урбанистички планови за 2025г. истата беше донесена со **6 гласа за, 3 воздржани.**

12. точка Разгледување и донесување на Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2025 година;

Наумче Смилевски: Јас под Програма за животна средина подразбирам кога со неа се планира да се засадуваат дрва, зелени површини, паркови, а не да се асфалтираат патеки и да се стават бекатон плочки.

Славица Најдовска Стојковска, ја прочита програмата и местата планирани за засадување со зелени површини и истакна дека програмата е за управување со животната средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор, односно средствата кои државата ни ги доделува од загадувањето од РЕК.

За донесување на одлуката **гласаа 7 за, 2 воздржани.**

13. точка Разгледување и донесување на Програма за животна средина на Општина Новаци за 2025г.

По разгледување на Програмата за животна средина за 2025г. истата беше донесена со **6 гласа за, 3 воздржани.**

14. точка Разгледување и донесување на Измена на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2024 год.;

Откако се разгледаа измените на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2024 год., се донесе со **6 гласа за, 3 воздржани.**

15. точка Разгледување и усвојување на Извештај-Преглед за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2024 год.;

По разгледување на Извештајот за реализација на Програмата за 2024г. истиот беше усвоен со **6 гласа за, 3 воздржани.**

16. точка Разгледување и донесување на Програма за јавни дејности (образование за 2025 г.);

По разгледување на Програмата за јавни дејности за 2025г. истата беше едногласно донесена со **9 гласа за**.

17. точка Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2025 г.

По разгледување на Програмата за располагање со градежно земјиште за 2025г. Советот ја донесе со **9 гласа за**.

18. точка Разгледување и донесување на Програма за еднакви можности;

По разгледувањето на Програмата за еднакви можности Советот ја донесе со **9 гласа за**.

19. точка Разгледување на Барање од Општинско средно медицинско училиште ,,Д-р Јован Калаузи,, Битола.

Славица Н.С. Со ова Барање средното медицинско училиште од Битола не замолува, односно бара да му помогниме финансиски за да може да се набават реквизити и нагледни средства за физиотерапевтскиот кабинет и кабинетот за забен техничар.

Во прилог на барањето има слики од потребните реквизити и нагледни средства со цени од понудата, во вкупен износ од 95 000,00 денари.

За усвојување на Барањето и донесување на Одлука за донација на финансиски средства на Општинско средно медицинско училиште ,,Д-р Јован Калаузи,, Битола, гласаа сите **9 советници**.

20. точка Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, немаше советнички прашања со што 60-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Анета Киселоска

Претседател на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска